# КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Со извршена промена по одлука бр.0202-8244/1 од 30.12.2020 година

## I. Општи одредби

### Предмет на осигурување

### Член 1

(1) Овие Услови се применуваат за осигурување од одговорност, а во колку одговорноста се осигурува со некој друг вид осигурување, овие Услови се применуваат како тоа го предвидуваат условите за тој вид осигурување.

### Значење на одделни изрази

### Член 2

(1) Одделните изрази во овие Услови ги имаат следните значења:

**„осигурувач“** - Кроација осигурување А.Д. Друштво за неживотно осигурување Скопје;

**„договорувач на осигурување“** - лице коешто со осигурувачот го склучува договорот за осигурување;

**„осигуреник“** - лице чијашто одговорност е покриена со осигурувањето;

**„трето лице“** - лице кое не е субјект на договорот за осигурување, односно лице чија одговорност не е покриена со осигурувањето како и работник на осигуреникот;

**„сума на осигурување“** - највисок износ на обврската на осигурувачот за секој осигурен случај;

**„премија“** - износ што се плаќа за осигурување врз основа на договорот за осигурување;

**„полиса“** - исправа на договорот за осигурување;

**„осигурен случај“** - иден неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот штетен случај, кој има за последица настанување на штета за кој надомест може да бара трето оштетно лице;

**„извор на опасности“** - дејност (занимање), ствари (подвижни и неподвижни), правен однос или одредено својство од кои може да настане одговорност како ризик покриен со ова осигурување.

## II. Основни одредби

### Предмет на осигурување

### Член 3

(1) Предмет на осигурување според овие Услови е законската одговорност на осигуреникот за штета настаната со смрт, повреда на телото или здравјето како и оштетување или уништување на ствари на трето лице.

(2) Со ова осигурување се покрива одговорноста за штета која настанала важи - или од дејност на осигуреникот, од поседување ствари, од правен однос, или од одредено својство како извор на опасност, што се одбележани во полисата за осигурување, односно во понудата за осигурување.

(3) Осигурувањето, исто така, се однесува и на одговорноста за штета од:

1) зголемување на опасноста или проширување на осигурениот извор на опасности до кои дошло во текот на траењето на осигурувањето;
2) нов извор на опасности кој се појавува кај осигуреникот по склучување на договорот за

осигурување во смисла на член 5 од овие Услови (осигурување од нови извори на опасности).

(4) Ако е предвидено така во посебните одредби на овие Услови, или ако е посебно така договорено, со осигурување се покрива и одговорноста за:
1) штета настаната со кражба или исчезнување на ствари;
2) штета која не настанала ниту со повреда на лицето, ниту со оштетување, односно уништување на стварите, така наречена „чисто имотна штета“.

**Проширување на осигурувањето**
**Член 4**

(1) Во рамките на осигурениот извор на опасноста од дејност, опфатена е и одговорноста на осигуреникот:
1) од користење, односно поседување, закуп или плодоуживање на: земјиште, згради и простории, коишто се користат исклучиво за потребите на осигурената дејност или занимање;
2) од користење на објектите на општествениот стандард, што им служат исклучиво на работниците на осигуреникот (како на пр: ресторани за општествена исхрана, бањи, одморалишта, спортски игралишта и сл.);
3) од користење на лифтови наменети за превоз на лица и товар;
4) од употреба на велосипеди без мотори за потребите на осигурената дејност;
5) од вскладиштување на материјал за ложење и погон за исклучителна употреба за обавување на осигурената дејност или занимање;
6) поради кражба или исчезнување на ствари за лична употреба на работниците на осигуреникот освен на: пари, часовници, фото-апарати, скапоцености од сите видови, хартии од вредност и документи од сите видови, под услов стварите да се сместени во заклучени простории или во заклучени остави;
7) држење и употреба на несамоодни работни машини и несамоодни транспортни средства за потребите на осигурената дејност.

(2) Доколку се работи за објекти што се наведени под став (1), точка 1) и 2) од овој член, со осигурувањето е опфатена и одговорноста:
1) на осигуреникот како инвеститор или изведувач на градежните работи (новоградба, поправка, преправка, варосување, копање и сл.) доколку пресметковната вредност на тие работи во секој поединечен случај не изнесува повеќе од 60% од минималната сума на осигурување;
2) од поседување на гаражи, кои се наоѓаат на, односно во осигурените недвижности, доколку не се работи за гаража која се користи за обавување на дејност и за хотелска гаража.

**Осигурување од нови извори на опасности**
**Член 5**

(1) Ако договорот за осигурување е склучен со плаќање на премија за осигурување во потполност или делумно, врз основа на нето платниот фонд на работниците или од вкупниот приход, покритието од осигурувањето се проширува и на одговорноста од нови извори на опасност кои се појавуваат кај осигуреникот по склучување на договорот за осигурување, доколку за овој новонастанат извор на опасност не е склучено посебно осигурување.

(2) Осигурувањето почнува веднаш, со појавата на новиот извор на опасност. Осигуреникот е должен, на крајот на периодот од осигурувањето при утврдувањето на конечниот износ на премијата, да ги пријави сите нови извори на опасност. За новите извори на опасност осигуреникот плаќа премија пресметана од денот на нивните појави („про рата темпорис“).

(3) Обврската на осигурувачот за надоместок од осигурувањето не настанува во случај на појава на нов извор на опасност, ако осигурувачот според овие Услови на осигурување и тарифата на премии не осигурува таков извор на опасност.

(4) За новите извори на опасност важи сумата на осигурување во полисата. Ако полисата за поедини извори на опасности содржи различни суми на осигурување, важечка ќе биде сумата на осигурување за изворите на опасноста кај кои премијата се пресметува врз основа на нето платниот фонд или вкупниот приход од дејноста. Ако постојат повеќе различни суми на осигурување кај кои премијата се пресметува на овој начин, важечка ќе биде највисоката сума на осигурување.

(5) Осигурувањето на новите извори на опасности не се однесува на одговорноста од:
1) држење или употреба на пруги (железнички, жичарница и сл.), театри, кина, циркуси и трибини;
2) држење или употреба на моторни возила и други возила на моторен погон (трактори, мотокултиватори, „самоодни“ работни машини), воздушни возила и возила на вода;
3) изработка, обработка, сместување, превоз, употреба и трговија со експлозивен материјал или радиоизотопи, освен ако за ова постои одобрение од надлежен орган.

**Обем на покритието за штети настанати со загадување на тлото и водата**
**Член 6**

(1) Под загадување на тло и вода се подразбира промена на биолошките, хемиските или физичките природни својства на тлото или водата со испуштање на штетни материи кои можат да доведат до такви промени.

(2) Со осигурувањето се опфатени само штети причинети со смрт, повреда на телото или здравјето на некое лице, кои се последица од загадување.

(3) Ако посебно се договори, се покриваат и штетите поради уништување или оштетување на ствари. Овие штети се опфатени со осигурувањето, ако настанале поради ненадеен и неочекуван случај, па и тогаш кога самите штети настанале постепено.

(4) Одговорноста за штети во врска со зголемување на изворот на опасности забележан во полисата, заради унапредување или измена на производството, не е опфатена со осигурувањето, ако тоа не се договори посебно.
(5) Осигуреникот учествува со 10% во секоја штета.
(6) Од осигурувањето е исклучена одговорноста за штети до кои би дошло поради тоа што осигуреникот не ги одржувал, менувал и поправал уредите за прочистување на отпадните води и други отпадни продукти, ниту пак се придржувал кон други мерки предвидени со прописите за заштита на животната средина.

**Осигурување од одговорност за чисто имотни штети**
**Член 7**

(1) Ако посебно се договори (член 3 став (3) точка 2) или ако тоа е предвидено со посебни одредби од овие Услови, осигурувањето се однесува на одговорноста за „чисто имотни штети", т.е. штети што не настанале ниту со повреда на телото или здравјето на некое лице, ниту со оштетување, односно уништување на ствари.
(2) Се смета дека осигурениот случај настанал тогаш кога е сторено дејство, односно настанало пропуштање при обавување на дејноста означена во полисата, поседување на некои ствари и друг (извор на опасности) со кои е предизвикана чисто имотна штета на некое лице.
(3) Со осигурувањето е опфатена одговорноста за штети, чијашто причина (дејство или пропуштање) настанала за време на траење на осигурувањето, доколку штетите не настанале по истек на две години од престанување на осигурувањето.
(4) Ако штетата настанала поради пропуштање, се смета во случај на сомневање, дека пропуштањето настанало оној ден кога пропуштеното дејство требало најдоцна да се преземе, за да би се избегнало настанување на штетата.
(5) Осигурувањето се однесува на дејност, односно пропуштање настанато во Република Македонија.
(6) Од осигурувањето се исклучени штети:
   1) заради пречекорување на пресметки и кредити по договорите за купување и продавање, а особено заради неодржување на договорните рокови на испораката и гарантираните обврски;
   2) заради посредување во парични и други стопански работи;
   3) заради кусок во благајна, грешки при исплата и проневера од страна на работниците на осигуреникот;
   4) заради неправилно таксирање и останати недостатоци во поглед на таксирањето;
   5) причинети со тоа што осигуреникот ја превидел грешката во сметката, пресметката или во мерките во цртежите;
   6) заради исчезнување на ствари.

**Исклучување од осигурување**
**Член 8**

(1) Осигурувањето не се однесува на:
   1) Одговорност на осигуреникот за намерно причинета штета, освен ако штетата намерно ја причинил работник на осигуреникот, осигурувачот стапува во правата на осигуреникот спрема работникот како одговорно лице;
   2) одговорност за штети што се во непосредна или во посредна врска со користење на нуклеарна енергија освен одговорност за штети од радиоизотопи што се користат за мирновременски цели (во медицината, биологијата, индустријата, земјоделството и т.н.);
   3) штети што ќе ги претрпи осигуреникот, брачниот другар на осигуреникот, децата и други лица коишто живеат со него во заедничко домаќинство и кои е должен да ги издржува;
   4) одговорност на осигуреникот врз основа на договорно проширување на неговата одговорност и за случаи за кои, инаку, по Закон не одговара;
   5) штети на ствари или извршени работи кои, осигуреникот или некое друго лице по негов налог или за негова сметка, ги изработил или испорачал, ако причината за штетата е во изработката или испораката;
   6) штети од производи со недостатоци;
   7) штети на туѓи ствари причинети при обавување на осигурената дејност (занимање) на овие и со овие ствари (како на пр: обработка, поправка, превоз, испитување и сл.), освен ако до штетата дошло поради настан, кој не е во непосредна врска со професионални пропуштања на осигуреникот;
   8) штети кои настанале како последица на свесно постапување, спротивно на прописите или правилата по кои се обавува дејноста, односно занимањето како извор на опасности од полисата;
   9) штети што се последица на загадување на воздухот;
   10) штети што се последица на професионални заболувања на работниците на осигуреникот;
(2) Со осигурувањето не се покриени штети кои настануваат на стварите заради:
   1) трајно дејство на температури, гасови, пареа, влага или врнежи (чад, саѓи, прашина и др.), како и заради мувлосаност, потреси, шумови и сл. што има за последица постепено настанување на штетата;
   2) спуштање и лизгање на земјиште;
   3) поплава на стоечки, истечни и подземни води.
(3) Ако посебно се договори, осигурувањето се однесува на одговорност за штети:
   1) заради учествување во коњски, велосипедски, мотоциклистички и автомобилски трки, боксерски и боречки борби, како и учество во припремите за трка односно борба;
   2) на туѓи ствари коишто ги зел во закуп, на послуга, на заем во остава, поради превоз и сл.;

3) за кои осигуреникот одговара во својство на инвеститор;
4) на осигурување од одговорност во странство.

**Територијално важење на осигурувањето**
**Член 9**

(1) Со осигурувањето се опфатени осигурени случаи што настанале на територијата на Република Македонија, а на територијата на други земји само ако тоа посебно се договори или ако тоа е предвидено со посебни одредби, освен доколку не се работи за чисто имотна штета.

**Осигурен случај**
**Член 10**

(1) Осигурен случај е иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот, штетен настан, врз основа на кој трето оштетено лице би можело да бара надомест на штета.
Се смета дека осигурениот случај настанал оној момент кога таквиот настан почнал да се остварува.
(2) Како еден осигурен случај се сметаат и повеќе временски поврзани штети ако се тие последица на иста причина.

**Временско важење на осигурувањето**
**Член 11**

(1) Осигурувачот е во обврска само тогаш ако осигурениот случај настане за време на важење на осигурувањето.
(2) Осигурениот случај којшто настанал за време на важењето на осигурувањето, а чијашто причина е од периодот којшто претходи на склучување на договорот за осигурување или од време кога осигурувањето било прекинато, покриен е со осигурување само тогаш ако на договорувачот на осигурувањето или на осигуреникот до почетокот на осигурувањето или повторниот почеток на осигурувањето не му биде позната причината од која потекнува осигурениот случај.
(3) Кај штетите заради повреда на здравјето кои настануваат постепено, во случај на сомневање се смета дека штетниот настан настанал тогаш кога првиот пат со лекарски наод е утврдена повредата на здравјето.

**Сума на осигурување**
**Член 12**

(1) Сума на осигурување е горната граница на обврските на осигурувачот по еден осигурен случај, па и тогаш кога за штетата одговараат повеќе лица чијашто одговорност е покриена со ова осигурување.
(2) Сумата на осигурувањето, зависно од тоа како е договорено, може да биде: само за штети со смрт, повреди на телото или здравјето на некое лице: само за штети на ствари; и за едните и за другите штети со одвоени суми; или единствена сума на осигурување без оглед на видот на штетата.
(3) По настанувањето на осигурениот случај и исплата на оштетата осигурувањето останува и понатаму на сила во висина на сумата на осигурување од полисата.

**Обврска на осигуреникот по настанување на осигурен случај**
**Член 13**

(1) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот за настанувањето на осигурениот случај како и за поднесеното барање за надомест на штетата најдоцна во рок од три дена по сознавањето.
(2) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот и тогаш кога барањето за надомест на штета против него ќе биде истакнато преку суд, ќе биде ставен во притвор, како и тогаш кога ќе биде поведена постапка за обезбедување на докази.
(3) Ако е поведен извид подигнат обвинителен акт, или е донесена Одлука за кривична постапка, осигуреникот е должен за тоа веднаш да го извести осигурувачот, па и тогаш кога веќе го пријавил настанувањето на штетниот настан. Исто така е должен да го достави наодот на надлежниот орган во врска со настанатиот штетен настан.
(4) Ако со осигурувањето е покриена штета што настанала заради кражба на ствари, осигуреникот е должен без одлагање да ја пријави кражбата на органот на јавната безбедност.
(5) Осигуреникот не е овластен без претходна согласност на осигурувачот да се изјасни за барањето за надомест на штета, а особено да го признае потполно или делумно, да за барањето за надомест за штета се израмни како ниту да изврши исплата, освен ако спрема фактичката состојба не можело да се одбие признанието, порамнувањето односно исплатата, а да со тоа не се направи очигледна неправда. Ако осигуреникот во заблуда сметал дека постои негова одговорност или дека се исправно утврдени фактите, тоа нема да го оправда.
(6) Ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот, осигуреникот е должен да му достави на осигурувачот судска покана односно тужба и сите писма во врска со штетниот настан и со барањето за надомест на штета како и водењето на спорот да му го препушти на осигурувачот.
(7) Ако осигуреникот се спротивствани на предлогот на осигурувачот барањето за надомест на штета да се реши со порамнување, осигурувачот не е должен да го плати вишокот на надоместокот, на каматите и трошоците кои што при тоа настанале.
(8) Во случај оштетениот со барањето за надомест на штета непосредно му се обрати на осигурувачот, осигуреникот е должен на осигурувачот да му ги даде сите докази и податоци со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета и за оцена на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.

(9) Ако при променети околности осигуреникот го стекне правото да се укине или намали рентата на оштетеното лице, должен е за тоа да го извести осигурувачот.

(10) Доколку осигуреникот не се придржува на обврските од овој член ќе ги сноси штетните последици коишто настануваат при тоа освен ако тие би настанале и кога би се придржувал на обврските.

**Обврска на осигурувачот по поднесеното барање од оштетеното лице**

**Член 14**

(1) Во врска со поднесеното барање за надомест на штета од страна на оштетеното лице осигурувачот има обврска:
   1) заедно со осигуреникот да преземе одбрана на неосновани или претерани барања за надомест на штета (правна заштита член 15);
   2) да ги задоволи основните барања за надомест на штета (надомест на штета член 16);
   3) да ги надомести трошоците на судската постапка (надомест на трошоците на постапката член 17).

**Правна заштита**

**Член 15**

(1) Обврската на осигурувачот за давање правна заштита опфаќа:
   1) испитување на одговорноста на осигуреникот за настанатата штета;
   2) водење спор во име на осигуреникот, ако оштетениот остварува право на надомест на штета во процесната постапка;
   3) давање во име на осигуреникот на сите изјави коишто ги смета за целисходни за задоволување или одбрана на неоснованото или претераното барање за надомест на штета.

(2) Во согласност и со упатство од осигурувачот, водењето на спорот може да му се довери на осигуреникот кој во таков случај е должен да се придржува на упатствата и налозите на осигурувачот во поглед на водење постапка во парница.

(3) Осигурувачот може да го преземе водењето на процесот или да стапи на место на осигуреникот или да учествува во својство на вмешувач.

(4) Осигурувачот е овластен да одбие да го води спорот или да го препушти водењето на спорот на осигуреникот ако оцени дека нема место за давање правна заштита со оглед на односот помеѓу висината на сумата на осигурување.

(5) Во случај осигурувачот на име надомест на штета да ја исплати сумата на осигурување пред покренување на спорот, престанува и неговата обврска на правната заштита.

**Надомест на штета**

**Член 16**

(1) Осигурувачот го исплатува надоместокот од осигурувањето во срок од 14 дена, сметајќи од денот кога ја утврдил својата обврска и висината на таа обврска.

(2) Осигурувачот го исплатува надоместот од осигурувањето врз основа на:
   1) признанието кое што го дал или одобрил;
   2) порамнувањето кое што го заклучил или одобрил;
   3) судската одлука.

(3) Осигурувачот е овластен на име надомест на осигуреникот да ја положи сумата на осигурување, па во тој случај се ослободува од сите обврски и постапки во врска со осигурениот случај.

(4) Осигурувачот учествува во депонирањето заради обезбедување на надомест на штета за која осигуреникот би бил должен врз основа на законските прописи или судските одлуки и тоа најмногу до износот на висината на неговата обврска за надомест на штета.

(5) Ако осигуреникот е должен да плати на име надомест на штета рента, а капитализираната вредност на рентата ја преминува сумата на осигурување, или остатокот на сумата по одбивање на другите давачки во врска со истиот осигурен сучај, долгуваната рента ќе се надомести само во сразмер помеѓу сумата на осигурување, односно остатокот на сумата на осигурување и капитализираната вредност на рентата.
Капитализираната вредност на рентата за пресметување на пропорциите, се смета врз основа на важечките таблици на смртност за осигурување на живот во Република Македонија.

(6) Ако осигурувачот се спротивстави на предлогот на осигуреникот да се спогоди по барањето за надомест на штета, должен е да го плати надоместот, каматите и трошоците и тогаш кога ја надминува сумата на осигурување.

**Надомест на трошоците на постапката**

**Член 17**

(1) Осигурувачот ги надоместува сите трошоци на процесната постапка доколку сам го водел спорот или дал согласност на осигуреникот за водење на спорот, па и тогаш кога барањето за надомест на штета не било основано.

(2) Ако парницата е водена без знаење и согласност на осигурувачот, со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот, до колку заедно со надоместот на штетата не ја надминуваат сумата на осигурување.

(3) Осигурувачот ги сноси трошоците на бранителот во кривичната постапка покрената против осигуреникот заради настан кој би можел да има како последица поставување на барање за надомест на штета по основ на одговорност покриена со осигурувањето и тоа само исклучително ако е запознат со изборот на бранителот и се прифатил да ги сноси трошоците. Трошоците на кривичната постапка, како и трошоците на застапување на оштетениот, осигурувачот не ги надоместува.

(4) Кога ќе ја изврши својата обврска со исплатата на сумата на осигурување, осигурувачот се ослободува од

понатамошни давања на име надомест и трошоци за еден осигурен случај.

### Непосредно барање на оштетно лице
### Член 18

(1) Ако оштетното лице своето барање или тужбата за надомест на штета го упати само спрема осигурувачот, осигурувачот ќе го извести за тоа осигуреникот и ќе го повика за да му ги даде сите потребни податоци и постапки во согласност со член 13 став (8) од овие Услови, како и самиот осигуреник да ги преземе мерките заради заштита на своите интереси.

(2) До колку во случајов од претходниот став осигурувачот одлучи да му исплати надомест на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

## III. Посебни одредби за поедини извори на опасности
### Примена на посебните одредби
### Член 19

(1) За осигурувањето од одговорност од поедини извори на опасности, покрај основните одредби од овие Услови во поглед на обемот на покритието се применуваат и посебните одредби од овие Услови. Во случај на отстапување од основните се применуваат посебните одредби.

### Адвокати
### Член 20

(1) Осигурувањето се однесува на одговорноста за чисто имотни штети во врска со обавување на дејноста на адвокатите (член 7 од овие Услови), како и на одговорноста од поседување на канцелариски работен простор.

(2) Од осигурувањето е исклучена одговорност на адвокатот за штети кои што ги причинил во својство на заменик на друг адвокат.

### Авто-сервиси, авто-механичарски работилници и слично
### Член 21

(1) Осигурувањето се однесува и на штети од поседување на место за сместување на моторни возила, како и од продажба на потребен материјал за погон на возила (бензин, масло, маст и сл.).

(2) Ако посебно се договори осигурувањето се однесува и на штети настанати: при работа на возилото и при исчезнување, кражба на возилото, но не и на неговите делови.

### Болници, лекувалишта, санаториуми, диспанзери, амбуланти и слично
### Член 22

(1) Со осигурувањето е опфатена и одговорноста за штети заради оштетување, уништување, исчезнување или кражба на ствари за лична употреба на болните и нивните придружници ако тие ствари се предадени на чување на осигуреникот.

(2) Со осигурувањето е опфатена одговорноста, за штети заради исчезнување и кражба на пари, хартии од вредност, часовници, документи, накит и други скапоцености, само во случај ако тие ствари се предадени на чување на осигуреникот и ако тие ствари осигуреникот ги држи во заклучена каса.

### Друштва
### Член 23

(1) Со осигурување е покриена и одговорноста:
   1) од одржување состаноци, седници и приредби на друштвото, предвидени со Статутот или другите општи акти на друштвото;
   2) од поседување на згради, земјиште, простории и уреди кои служат исклучиво за потребите на друштвото (како на пр.: игралишта, вежбални, стрелишта и др.);
   3) на членовите на управата на друштвото и другите лица кои што се овластени да го застапуваат друштвото;
   4) на членовите на друштвото при обавување на дејноста на приредби на друштвото и во врска со тие приредби во интерес за целите на друштвото.

(2) Кај стрелачкото друштво со осигурување е покриена одговорноста за штети само ако тие настанале на место одредено за гаѓање.

(3) Со осигурувањето е опфатена и одговорноста за оштетување, уништување, исчезнување и кражба на возила на вода (чамци, едрилици и др.), преземени на чување под услов да постои постојан чувар, штетите на моторите на чамците се покриени доколку моторот е прицврстен за чамецот или е сместен ноќе во затворена просторија.

(4) Ако посебно, е договорено со осигурувањето е покриена и одговорноста на друштвото за штети од:
   1) поседување на згради, земјиште, простории и уреди кои не служат исклучиво за потребите на друштвото;
   2) приредби кои ги преминуваат рамките на обични приредби на друштвото, предвидени со статутот на друштвото;
   3) држење на животни;
   4) подигање на трибини;
   5) користење на спортски терени и уреди (лизгалишта, патека за санкање и скијање и др.);
   6) дејности кои споредно ги обавува друштвото (на пр: ресторани во сопствена режија, бањи и сл.).

### Јавни претпријатија
### Член 24

(1) Покрај одговорноста за штети настанати со обавување и поради обавување на функциите на Јавните препријатија, со осигурувањето е опфатена и одговорноста од поседување или користење на згради, земјиште, простории и уреди што служат исклучиво за потребите при обавување на работи од Јавните препријатија.

(2) Одговорноста од други дејности на Јавните претпријатија, опфатена е со осигурувањето само ако секој извор на опасност посебно се осигурува.
(3) Со осигурувањето е опфатена и одговорноста на Јавните претпријатија за чисто имотни штети (член 7 од овие Услови).
(4) Од осигурувањето е исклучена одговорноста на Јавните претпријатија за штети настанати со смрт или телесна повреда на некое лице поради акт на насилство или терор како и пријавени демонстрации и манифестации, како и за други штети што органите на Јавните претпријатија биле должни според важечките прописи да ги спречат.

**Гардероби**
**Член 25**

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигурениците заради оштетување, уништување, исчезнување или кражба (па и поради замена) на ствари предадени во гардероба на чување со исправна потврда (број, блок и сл.).
(2) Од осигурувањето е исклучена одговорноста на осигуреникот за штети поради исчезнување или кражба на пари, хартија од вредност, скапоцености, часовници и документи од секаков вид.
(3) Осигурувачот е во обврска само тогаш ако гардеробата има постојан чувар и во неа, освен чуварот, други лица немаат пристап.

**Градежна монтажа и слична дејност**
**Член 26**

(1) Штети настанати од нивелирање на терен што го врши осигуреникот покриени се со осигурувањето доколку нивелирањето се однесува на работи што осигуреникот треба да го изврши, при што од осигурувањето е исклучена одговорноста за штети на објектот за чија изградба и обработка се врши нивелирањето.
(2) Осигурувањето се однесува и на одговорноста за штети:
   1) непосредно причинети со оштетување на подземни уреди (како водови: за гас, вода, струја, канализација и сл.), доколку не е посебно договорено да се опфатат и посредните штети;
   2) причинети со минирање во обавување на дејноста на осигуреникот, но не и за штети на неподвижни ствари кои при минирањето се наоѓаат на оддалеченост помала од 75 метри од точката на минирањето ако поинаку не се договори.
(3) Од осигурувањето е исклучена одговорноста за штети:
   1) на соседните градежни објекти поради пропуштање да се изврши соодветно засилување (потпирање и сл.);
   2) на градежен односно монтажен објект што го изведува или на кој работи осигуреникот;
   3) причинети од рушење на неподвижни ствари што се наоѓаат во кругот чиј радиус одговара на висината на објектот што се руши.
(4) Ако е осигурен дел од градежниот објект или поедини градежни занаетчиски работи, осигурувањето од одговорност на изведувачот на градежните работи не ги покрива штетите на останатите делови на тој градежен објект или останатите градежни и занаетчиски работи, кои не се осигурени, односно се осигурени со друга полиса.
(5) Ако е осигурен дел од монтажен објект или поедини монтажни работи, осигурувањето од одговорност на изведувачот на монтажните работи не ги покрива штетите на останатите делови на тој монтажен објект или останатите монтажни работи, кои не се осигурени, односно се осигурени со друга полиса.
(6) Осигуреникот учествува со 10% во секоја штета.

**Бањи**
**Член 27**

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот за оштетување, уништување, исчезнување и кражба на ствари за лична употреба на гостите во капалиштата, ако тие ствари се заклучени во кабини или други соодветни простории за сместување на ствари или ако му се предадени на осигуреникот на чување.
(2) Одговорноста за штети при исчезнување и кражба на пари, хартии од вредност, скапоцености, часовници, документи и сл. е покриена со осигурувањето само тогаш ако тие ствари се предадени на осигуреникот на чување и ако се држат во заклучена каса.
(3) Со осигурувањето е покриена и одговорноста за штети причинети од стварите на осигуреникот што служат за спорт, рекреација и забава на гостите во капалиштата.

**Лекари**
**Член 28**

(1) Осигурувањето се однесува и на чисто имотни штети (член 7 од овие Услови).
(2) Осигурувањето ја покрива одговорноста и за штети настанати при давање на итна медицинска помош на подрачјето на Европа.

**Пристаништа и јавни складишта**
**Член 29**

(1) Ако посебно се договори осигурувањето се однесува и на одговорност:
   1) за штети настанати на туѓа стока при: претовар, вскладиштување, сложување и прицврстување, мерење, броење, сортирање, маркирање и зголемување, пакување и поправка при пакувањето, превоз и пренесување во деловниот простор;
   2) за штети од загадување на води, крајбрежја и други објекти.
(2) Со осигурувањето не е опфатена одговорноста:
   1) за штети причинети со: влечење, пилотирање, чување и заштита на бродови: заврзување, одврзување и спасување на бродови; превоз на лица со пилотски и приврзувачки чамци,

дообработка, преработка, обработка, и сл. егализирање, фумигрење, чистење, варосување, мешање, сушење и сл.; со меѓународно и внатрешно отпремување на стоката (шпедиција); со вскладиштување и чување на стоката во фрижидери;
2) за посредни штети (на пр: губење на пазарот, паѓање на цените, забрана на увоз или извоз).
(3) Во секоја штета осигуреникот учествува со 10%.

**Земјоделска и шумарска дејност**
**Член 30**

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста за штети причинети од:
1) држење на животни, но не и штети кои настануваат на животните при припуст или вештачко оплодување, освен ако тоа посебно не е договорено;
2) користење на средства за отстранување на плевел, како и за спречување и отстранување на растителни болести и штетници на земјиштето на осигуреникот со тоа што осигуреникот учествува со 10% во секоја штета;
3) преземање на градежни работи на земјиштето на осигуреникот во колку пресметковната вредност на тие работи не изнесува повеќе од минималната сума на осигурување;
4) споредни дејности на осигуреникот ако годишниот приход од тие дејности не го преминува износот во денарска противредност од 1500 ЕУР.
(2) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот во својство на приватно лице во смисла на член 32 од овие Услови.

**Приклучни пруги, успињачи (качувалки), жичарници, закупени железнички складишта, дигалки и постројки за натовар и истовар**
**Член 31**

(1) Во колку дејности на осигуреникот, како извор на опасност од полисата, се обавува со користење на приклучни пруги, успињачи, жичарници, закупени железнички складишта, дигалки и други постројки за натовар и истовар, со осигурувањето е опфатена:
1) одговорноста за штети настанати од употреба на приклучни пруги (шумски, полски, индустриски), успињачи или жичарници, ако превозот се врши без наплата на возарина;
2) одговорност за штети од употреба на дигалки и постројки за натовар и истовар, во колку не настанале при употреба на постројки кои по својата конструкција го пуштаат товарот да падне;
3) договор за одговорност за штети настанати од употреба на закупеното железничко складиште спрема македонската железница.
(2) Ако посебно се договори со осигурувањето е покриена:
1) одговорноста за штети поради оштетување на вагони, бродови, моторни возила со користење на дигалки и други постројки за натовар и истовар;
2) одговорноста за штети настанати при употреба на приклучни пруги (шумски, полски, индустриски) успињачи или жичарница ако превозот се врши со наплата на возарина.

**Правното лице - одговорност во тоа својство**
**Член 32**

(1) Со осигурување е покриена одговорноста на осигуреникот за штети предизвикани од приватни лица во секојдневниот живот вон од обавување на некое занимање или занает и тоа:
1) како сопственик, корисник или закупец на стан или посебна куќа за живеење, мала градина и двор;
2) како работодавател спрема лицата вработени во домаќинството;
3) поседување или употреба на велосипед без мотор;
4) бавење со спорт, освен спортот со кој се бави професионално како и спортот кој е поврзан со употреба на возила снабдени со мотор од било кој вид, спорт со воздушни летала, лов и боречки спортови (бокс, мачување, борење, џудо, карате и др.);
5) како сопственик на питоми животни кои не се користат во земјоделството;
6) ладно или огнено оружје за чие поседување има дозвола која служи за одбрана или учество на стрелачки натпревари.
(2) Во истиот обем како во став (1) од овој член осигурувањето се однесува и на одговорноста на:
1) брачниот другар на осигуреникот и децата кои живеат со него во заедничко домаќинство, и кои е должен да ги издржува;
2) лица вработени во домаќинството на осигуреникот заради обавување на работи на тоа домаќинство;
3) ако дел од станот односно зградата се употребува за обавување на некое занимање, осигурувањето не ја опфаќа одговорноста од поседување на тој дел од станот односно зградата;
4) ако посебно се договори, опфатена е одговорноста за малолетни деца кои не живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот.

**Патишта - одржување**
**Член 33**

(1) Ако посебно се договори со осигурување е покриена и одговорноста на осигуреникот за штети настанати при:
1) несоодветни тротоари и заштитни огради или нивно непостоење, како и непостоење на соодветни сообраќајни знаци и предупредување на опасни места на патиштата;
2) не косење на тревата и неодржување на насадите на патното земјиште;
3) разни наноси на патот (снег, земја, отпадоци и др.);
4) непосипување на патот за спречување на последици;
5) осигуреникот учествува со 10% во секоја штета.

## Спортски приредби
## Член 34

(1) Со осигурувањето е опфатена одговорнсота на организаторот на велосипедските трки за време на самата трка.
(2) Ако трката се одржува на отворени патишта таквата патека мора да биде обезбедена од страна на органите за јавна безбедност.
(3) Осигурена е и одговорноста на учесниците на спортски приредби, со исклучок на случаите од член 8 став (3) точка 1) од овие Услови.

## Училишта, установи за воспитување и образование, чување и слично
## Член 35

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот за штети поради оштетување, уништување, исчезнување и кражба на ствари на ученици - питомци, само ако стварите се наоѓаат во соодветни простории што служат за нивно сместување.
(2) Од осигурувањето е исклучена одговорноста за штети поради исчезнување и кражба на: пари, вредносни хартии, благородни метали, нумизматички, филателистички и други збирки и скапоцености од секаков вид.
(3) Со осигурувањето е покриена и одговорноста: на членови на училиштниот совет и советот на воспитните и други установи кои според законските прописи и актите на училиштата, односно воспитните и други установи управуваат со училиштето односно установата; од организирање на излети, екскурзии, училишни приредби и слично.

## Угостителска дејност
## Член 36

(1) Под угостителска дејност, во смисла на овие Услови, се подразбира дејноста што ја обавуваат: хотели, кафеани, пансиони, одморалишта, средени кампови и сл.
(2) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот поради оштетување, уништување, исчезнување или кражба на ствари за лична потреба на гостите што ги довеле во угостителскиот објект. Како ствари за лична употреба се сметаат и: аматерски фото-апарат со прибор, опрема за викенд и кампување, радио и ТВ приемник, грамофон со плочи и касетофон, двоглед, ловечка пушка, лично оружје и спортски реквизити.
(3) Осигурувањето не се однесува на одговорност за штети настанати: на стварите на гостите при нивната употреба, обработка или работење врз нив од страна на осигуреникот; при исчезнување или кражба на ствари на гостите ако тие се внесени во простории кои се пристапни на секој, во кои се послужува храна и пијалок и сл. освен ако се предадени во гардеробата на чување.
(4) Ако посебно се договори, со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот за штети на возила во смисла на одредбите од член 40 од овие Услови.
(5) Одговорноста за штети при исчезнување или кражба на пари, накит, хартии од вредност и документи од секој вид, покриена е со осигурувањето ако тие ствари му се предадени на осигуреникот и се сместени во заклучена каса.
(6) Со осигурувањето е опфатена и одговорноста: од помошни погони што му припаѓаат на осигуреникот (како: перални, кујни, фурни, месарници и сл.), а кои му служат исклучиво за обавување на дејноста на осигуреникот; од поседување на предмети, простории и терени за спорт и рекреација што гостите ги користат бесплатно.

## Уреди за забава
## Член 37

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста за штети што настануваат при монтажа и демонтажа на уредите за забава.

## Противпожарни друштва
## Член 38

(1) Со осигурувањето е опфатена одговорнсота за штети причинети при вежби, акции за спасување и пружање помош.
(2) Со осигурувањето е покриена и личната одговорност на членовите на друштвата од обавување на активности во својство на пожарникари.
(3) Осигурувањето се однесува и на одговорноста на противпожарното друштво како сопственик, закупец или плодоуживател на земјиште, згради и простории кои исклучиво служат за потребите на друштвото.
(4) Од осигурувањето е исклучена одговорноста за штети на стварите поради чие спасување друштвото било повикано.

## Ветеринари, ветеринарски клиники и станици
## Член 39

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот поради повреда на животните при лекување.
(2) Ако посебно се договори, со осигурувањето е покриена и одговорноста за штети поради повреда на животни во врска со кастрација, третирање со гасови и вештачко осеменување.

## Возила - чување
## Член 40

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот за оштетување, уништување, исчезнување, кражба и замена на возила оставени на чување (моторни возила, приколки, мотори и велосипеди).
(2) Доколку возилото не е сместено во заклучена гаража, од осигурувањето се исклучени штетите на стварите кои се наоѓаат на или во возилата како и на одделни делови на возилото, освен стварите кои сериски се произведуват со возилото и стварите кои по прописите би требало да бидат во возилото.

(3) Осигурувачот е во обврска само тогаш кога паркиралиштето за возилата е точно одредено, одбележано и ако возилата се прописно сместени и обезбедени, под услов да постои постојан чувар.

**Згради и земјишта**
**(поседување односно користење)**
**Член 41**

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста за изворите на опасност од член 4 став (2) точка 1) и 2) од овие Услови.
(2) Со осигурувањето е покриена и одговорноста:
  1) за штети што ги предизвикуваат лица задолжени за одржување и чистење на згради, односно земјишта како извори на опасност;
  2) за штетите што ги предизвикуваат лица кои стапуваат на местото на осигуреникот во својство на нов корисник, плодоуживател или стечаен управник;
  3) за штети од користење на детски игралишта со опремата што припаѓа за разонода на децата, доколку игралиштето припаѓа на зградата како извор на опасност на полисата;
  4) од поседувањето на градина, доколку таа се користи за сопствени потреби и доколку и припаѓа на зградата или земјиштето како извор на опасност од полисата.
(3) Ако зградата има повеќе корисници, односно сопственици, осигурувачот не е во обврска да ја надомести штетата што ја предизвикува еден корисник, односно сопственик на друг сопственик, на неговиот брачен другар и лицата што ги издржува.
(4) Барањата на сопственикот, односно корисникот на станот, неговиот брачен другар и лицата што ги издржува, опфатени се со осигурувањето, доколку тие не учествуваат во заедничката одговорност за штети со останатите сопственици односно корисници на зградата.

**Животни**
**Член 42**

(1) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на чуварот на животните и другите лица што се грижат за животнтие кои се означени во полисата за осигурување.
(2) Со осигурувањето е покриена од одговорноста за штети од актот за приплод на животни, ако тоа посебно се договори.

## IV. Општи одредби

**Премија на осигурување**
**Член 43**

(1) Ако основ за пресметување на премијата е годишниот нето личен доход на работниците, конечната пресметка на премијата се врши по завршувањето на годината врз основа на остварениот личен доход.
(2) Во случај на престанување на договорот за осигурување пред договорениот рок на траење, ако договорувачот имал некаков попуст на траење на осигурувањето, должен е износот на премијата одобрена на име попустот, да му го врати на осигурувачот.

**Член 44**

(1) Ако предметот, за чија употреба е склучено осигурувањето од одговорност, односно изворот на опасност наведен во полисата, престане да постои пред почетокот на обврската на осигурувачот, на договорувачот на осигурувањето му се враќа износот од платената премија.
(2) Ако изворот на опасност наведен во полисата престане да постои за време на траење на осигурувањето, осигурувачот е должен да му врати на договорувачот на осигурувањето дел од премијата за извор на опасност кој што престанал да постои за преостанатото време, доколку за тој извор на опасност, осигурувачот не бил во обврска да плати надомест од осигурувањето.
(3) Во сите други случаи, со престанување на договорот за осигурување, пред истек на времето за кое е платена премија, премијата му припаѓа на осигурувачот само до истечување на денот до кој што бил во обврска, ако поинаку не е договорено.

**Престанување на обврската на осигурувачот**
**Член 45**

(1) Обврската на осигурувачот престанува:
  1) кај договорот за осигурување со одреден рок на траење, со истекот на 24-от час од денот што е наведен во полисата како ден на истек на осигурувањето, доколку не е поинаку договорено;
  2) кај договорот за осигурување со неодреден рок на траење ако во полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, осигурувањето се продолжува од година во година освен ако некоја од одговорните страни најдоцна три месеци пред истекот на тековната година на осигурувањето, писмено ја извести другата страна за откажување на договорот за осигурување. Во тој случај, договорот за осигурување престанува со истек на дваесет и четвртиот час од последниот ден на тековната година на осигурување.

**Начин на известување**
**Член 46**

(1) Сите известувања и пријави, што се должни да ги направат договорните страни во смисла на одредбите од овие Услови, мора задолжително да се потврдат писмено ако се направени усмено, по телефон, со телеграма или на некој друг сличен начин.
(2) Како ден на прием на известувањето, односно пријавата, се смета денот кога е примено известувањето, односно пријавата. Ако известувањето, односно пријавата е испратена препорачано по пошта, како ден на прием се смета денот кога е предадена во пошта.

(3) Спогодбите што се однесуваат на содржината на договорот полноважни се само ако се заклучени во писмена форма.

**Измена на називот или адресата (фирма)**
**Член 47**

(1) Договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот е должен за измените на името, називот или адресата, да го извести осигурувачот во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.
(2) Ако договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот не го извести осигурувачот за промените од претходниот став, за полноважност на известувањата што ги испраќа осигурувачот, доволно е ако му упати на договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот препорачано писмо според последните податоци за адресата на станот, деловните простории, односно имињата и називите со кои располага. Известувањето станува полноважно на денот кога според редовниот тек на работите станало полноважно кога не би настанале промените од претходниот став.

**Измени на условите за осигурување и тарифата на премии**
**Член 48**

(1) На договорите за осигурување, заклучени на траење, подолго од една година, измените во условите за осигурување и тарифата на премии, извршени по склучување на договорот за осигурување, ќе се применуваат дури по истекот на годината на осигурување, освен ако се поповолни за осигуреникот.
(2) Осигурувачот е должен, на писмен или друг соодветен начин да го извести договорувачот на осигурувањето за извршените измени во условите за осигурување, односно тарифата на премии.
(3) Договорувачот на осигурувањето има право во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето за извршените измени во условите за осигурување, односно тарифата на премии, да го откаже договорот за осигурување.
(4) Во случај на отказ од претходниот став, договорот за осигурување престанува во 24 часот од последниот ден на тековната година на осигурувањето во која е извршена измената во условите за осигурување, односно во тарифата на премии.
(5) Ако договорувачот на осигурувањето не го откаже договорот во рокот одреден во став (3) на овој член, договорот за осигурување се менува со почетокот на наредната година на осигурување, во согласност со извршените измени во условите за осигурување, односно тарифата на премии.

**Примена на законските прописи и Општите услови за осигурување на имоти**
**Член 49**

(1) На прашањата што не се регулирани со условите, ќе се применуваат соодветни одредби од Законот за облигациони односи.
(2) Доколку не се во спротивност со овие Општи услови, на осигурувањата склучени по овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имоти.

**Надлежност во случај на спор**
**Член 50**

(1) Во случај на спор помеѓу осигуреникот, односно договорувачот на осигурувањето и осигурувачот, надлежен е судот спрема местото на склучување на договорот за осигурување.

**Примена на овие Услови**
**Член 51**

(1) Овие Услови за осигурување се применуваат на осигурување на имотот освен на оние видови на осигурување кои во условите за осигурување имаат и одредби од Општите услови за осигурување на имоти.
На договорот за осигурување на имотот се применуваат и други обврзни одредби од Законот за облигационите односи - Глава XXX - осигурување, а диспозитивните одредби, доколку прашањата на кои се однесувааат не се со овие Услови поинаку регулирани.
(2) Ако односите што се регулираат со одредбите од овие Услови поинаку се регулирани во условите, односно во Посебните услови за одделни видови осигурување на имот, ќе се применуваат од тие Услови на осигурување.

**Решавање приговори, постапка на вонсудско решавање спорови, надлежен суд во случај на решавање на спор, упатување на Агенцијата за супервизија на осигурување, како надлежен орган за супервизија на друштвото**
**Член 52**

(1) Доколку договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето не се задоволни од првостепената одлука на Осигурувачот, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 дена до Комисијата на осигурувачот која одлучува по приговори. Приговорот може да му се упати на осигурувачот на адресата на Кроација Осигурување или во просториите на Кроација Осигурување.
(2) Приговорот треба да содржи:
  - име и презиме и адреса на подносителот на приговорот кој е физичко лице или на неговиот законски застапник, односно фирма, седиште и име и презиме на одговорното лице на подносителот на приговорот кој е правно лице;
  - причини за приговорот и барања на подносителот на приговорот;
  - докази со кои се потврдуваат наводите од приговорот кога е можно тие да се приложат, а може да содржи и исправи кои не биле разгледувани во постапката во која е донесена одлуката поради која се поднесува приговорот како и предлози за изведување докази;

- датум на поднесување на приговорот и потпис на подносителот на приговорот односно лицето кое го застапува;
- полномошно за застапување, кога приговорот е поднесен преку полномошник.

(3) Друштвото е должно во писмена форма да одговори на приговорот во законски предвидениот рок.

(4) Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да доставаат жалба за работењето на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

(5) Во случај на спор, договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето ќе се обидат спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, надлежен е стварно надлежниот суд во местото на седиштето на осигурувачот.

## Рок за исплата на штета и заложни права

### Член 53

(1) Кога ќе се случи осигуран ризик, осигурувачот е должен да исплати надокнада во рок од 14 (четиринаесет) дена, сметајќи од денот кога осигурувачот добил известување дека се случил осигурен ризик.
Ако за утврдување на обврската на осигурувачот е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено дека постои негова обврска за исплата.

(2) По истекување на 14 (четиринаесет) дена од пријавата на штетата доколку не е утврдено обврската на осигурувачот за исплата, осигурувачот е должен на барање на овластено лице да исплати сума на неспорен дел на својата обврска на име аконтација.

(3) По настапувањето на осигурениот случај, заложните права и другите права што порано постоеле над осигурениот предмет, го имаат за предмет надоместот што се должи, како во случај на осигурување на сопствен предмет, така и во случај на осигурување на туѓи предмети поради обврската за нивното чување и враќање, па друштвото за осигурување не може да му го исплати надоместот на осигуреникот без согласност од носителите на тие права. Овие лица можат да бараат непосредно од друштвото за осигурување, во границите на сумата на осигурувањето и според законскиот ред, да им ги исплати нивните побарувања. Меѓутоа, ако во моментот на исплатата друштвото за осигурување не знаело ниту можело да знае за тие права, извршената исплата на надоместот на осигуреникот останува полноважна.

## Начин на поднесување на приговор, односно жалба против работењето на друштвото за осигурување

### Член 54

(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до:

1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување (комисија за постапување по преставки).
2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување.
3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
4. Агенцијата за супервизија на осигурување.

Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката.
Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

## Стапување на сила

### Член 54

(1) Овие услови влегуваат во сила со денот на донесување, а се применуваат на дог оворите за осигурување склучени по 01.01.2021 година.

Претседател на Одбор на директори
Роберт Вучковиќ